РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1852/2
04-05-2022 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-та седница одржана на ден 21.04.2022 година донесе

**Одлука**

Пријавата заведена под број бр. 12- 1852/1 од 09.03.2022 година, со барање мислење по однос на започната дисциплинска постапка против раководно лоце вработено во Агенција за млади и спорт, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување од причина што предметните наводи се однесуваат на повреда на индивидуално право од работен однос, а бараното мислење се однесува на прашања за кои ДКСК нема надлежност да се изјаснува и друг орган е надлежен да постапува и да се произнесува, а воедно во барањето не се содржани елементи кои би претставувале основ за надлежно постапување на Државната комисија.

Предметот со број 12- 1852/1 од 09.03.2022 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, --------- ------------ од ---------, на ден 09.03.2022 година, поднесена е пријава заведена под број 12- 1852/1 од 09.03.2022 година, по која е оформен предмет по барање мислење по однос на започната дисциплинска постапка против раководно лоце вработено во Агенција за млади и спорт.

Во конкретниот случај станува збор за вршење на мобинг од страна на три лица над подносителот на барањето, за кое било поднесено барање за заштита од вознемирување на работно место од 09.11.2021 година, а по кое раководното лице на Агенцијата не постапувало. По овој основ била доставена иницијатива до Државниот инспекторат за труд, каде постапката била во тек, а мобингот над подносителот продолжил и понатаму со покренување на дисциполинска постапка за дисциплински престап по однос на непристојно однесување на работното место - вербална расправа, и во формираната дисциплинкса Комисија биле определени да членуваат лицата кои го правеле мобингот и за кои се однесувало барањето за заштита од вознемирување на работно место.

Поради наведеното, подносителот бара мислење по однос на прашањата за тоа дали службеното лице при носење решение за формирање дисциплинска комисија може за претседател и членови на дисиcиплинската комисија да ги определи лицата посочени за мобинг токму кон лицето против кое е покрената дисициплинска постапка и дали службеното лице при носење решение за формирање дисциплинска комисија може за претстедател и членови на дисициплинската комисија да ги определи лицата кои поднеле изјави/извештај а врз основа на кои е покренат Предлог за

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

отпочнување на дисициплинска постапка за утврдување дисциплинска одговорност спрема лицето против кое и се доставени изјавите/извештај?

При разгледувањето на пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека во конкретниот случај предметните наводи се однесуваат на повреда на индивидуално право по однос на работен однос на подносителот, за кое се водело постапка пред друг надлежен орган - Државен инспекторат за труд, а бараното мислење се однесува на прашања кои се уредени со Законот за административните службеници и за кои друг орган е надлежен да постапува и да се произнесува (Министерството за информатичко општество и админстрација и Агенција за администрација), а за кои ДКСК нема надлежност да се изјаснува.

Со оглед на констатираното, ДКСК утврди дека доставената пријава не содржи елементи кои би претставувале основ за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и дека за предметниот случај друг орган е надлежен да постапува и произнесува, а подносителот на пријавата ќе го упати по однос на овој случај да се обрати до Министерството за информатичко општество и админстрација и Агенција за администрација. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : Ш.С Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**